# МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД Скопје

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

**Скопје, март 2022**

**СОДРЖИНА** Страна


| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Финансиски извештаи** | |
| Биланс на успех | 3 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Извештај за финансиската состојба | 5 |
| Извештај за паричните текови | 6 |
| Извештај за промени во главнината | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8 - 34 |

**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел.**: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО
## АКЦИОНЕРИТЕ НА
## МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА
## ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД Скопје (Берзата), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2021 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Берзата е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Берзата за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Берзата.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Друштвото е регистрирано во Р.Северна Македонија.
Погоре е наведено регистрираното седиште на друштвото
Фирми членки има во главните градови низ целиот свет.

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува) ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД Скопје заклучно со 31 декември 2021 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за периодот кој што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Извештај и други правни и реулативни барања

Раководството на Берзата е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2021 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.
Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјално значајни аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2021 година.

Скопје, 16 март 2022 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Милена Јованова Димоска | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од провизии и надомести | 8 | 58,731 | 45,441 |
| Приходи од вложувања и камати | 9 | 2,022 | 2,270 |
| Останати оперативни приходи | 10 | 5,113 | 3,923 |
| | | | |
| Расходи од провизии и надомести | 11 | (10,660) | (8,260) |
| Трошоци за вработени | 12 | (17,158) | (16,128) |
| Амортизација | 23 | (3,060) | (2,921) |
| Останати оперативни расходи | 13 | (10,472) | (9,187) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **24,516** | **15,138** |
| Добивки/загуби од курсни разлики, нето | | (2) | - |
| Удел во добивката( загубата) на придружно друштво | | 249 | (7) |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **24,763** | **15,131** |
| Данок од добивка | 14 | (2,657) | (1,752) |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **22,106** | **13,379** |
| **Основна заработувачка по акција (Во МКД)** | 15 | **7,918** | **4,792** |

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка (загуба) за периодот** | | **22,106** | **13,379** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | | |
| Ревалоризација на недвижности и опрема | | - | - |
| Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | - | - |
| Курсни разлики од преведување на странски валути | | - | - |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **22,106** | **13,379** |

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД - Скопје**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА на ден 31 декември**

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 16 | 5,667 | 2,088 |
| Дадени депозити во банки | 17 | 10,000 | 55,500 |
| Вложувања кои се чуваат за тргување | 18 | 35,266 | 25,268 |
| Побарувања од купувачи | 21 | 7,695 | 7,443 |
| Останати тековни средства и АВР | 22 | 1,230 | 1,650 |
| **Вкупно тековни средства** | | **59,858** | **91,949** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Дадени депозити во банки | 17 | 40,000 | - |
| Вложувања кои се чуваат до доспевање | 19 | 31,240 | 25,257 |
| друштва | 20 | 1,190 | 941 |
| Недвижности и опрема | 23 | 54,244 | 53,371 |
| Нематеријални средства | 23 | 1,246 | 630 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **127,920** | **80,199** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **187,778** | **172,148** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 24 | 1,984 | 1,305 |
| Обврски за даноци | 25 | 1,509 | 690 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 25 | 2,820 | 2,418 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6,313** | **4,413** |
| Акционерски капитал | 26 | 103,498 | 103,498 |
| Резерви | | 35,648 | 35,648 |
| Ревалоризациона резерва | | - | - |
| Добивка / (загуба) за финансиската година | | 22,106 | 13,379 |
| Акумулирана добивка (загуба) | | 20,213 | 15,210 |
| **Вкупно главнина** | | **181,465** | **167,735** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **187,778** | **172,148** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од Одборот на директори на Берзата на 11 март 2022 година и потпишани од:

| | |
|---|---|
| **Маја Петревска** | **Иван Штериев** |
| **Овластен сметководител** | **Главен извршен директор** |

Македонска берза на хартии од вредност • АД СКОПЈЕ

| | Белеш. | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **24,763** | **15,131** |
| **Усогласување за:** | | | |
| Амортизација на недвижности и опрема | 23 | 2,848 | 2,464 |
| Амортизација на нематеријални средства | 23 | 212 | 457 |
| Удел во добивка/( загубата) од вложувања | 20 | (249) | 7 |
| Амортизација на премија од купена државна обврзница | 19 | 17 | 22 |
| Приходи од вредносно усогласување на побарувања и од наплатени сомнителни побарувања | 21 | (1,005) | 796 |
| Капитална (добивка) загуба од продажба на основни средства | | (1,016) | - |
| Приходи од усогласување на објективна вредност на удели | | (398) | (431) |
| Приходи од камати | | (1,624) | (1,838) |
| Расходи за камати | | 1 | - |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | | **23,549** | **16,608** |
| Побарувања од купувачи | | 753 | (694) |
| Останати краткорочни побарувања и АВР | | 420 | 20 |
| Обврски од добавувачи | | 679 | 4 |
| Обврски кон државата | | 819 | (8) |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | | (339) | 175 |
| **Нето пари употребени во работењето** | | **25,881** | **16,105** |
| Платена камата | | (1) | - |
| Платен данок од добивка | | (1,916) | (1,909) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **23,964** | **14,196** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Повлечени (дадени) депозити во банки, нето | 17 | 5,500 | (14,500) |
| Примени камати | | 1,624 | 1,838 |
| Продадени (стекнати) вложувања во удели, нето | 18 | (9,600) | 8,300 |
| Продадени (стекнати) вложувања во ДО, нето | 19 | (6,000) | - |
| Набавки на основни средства | 23 | (4,549) | (708) |
| Продажби на основни средства | 23 | 1,016 | - |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(12,009)** | **(5,070)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Исплата на дивиденди | | (8,376) | (8,376) |
| Исплата на награди | | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **(8,376)** | **(8,376)** |
| **Нето зголемување на паричните средства** | | **3,579** | **750** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **16** | **2,088** | **1,338** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **16** | **5,667** | **2,088** |

Во (000) МКД

| | Акционерски капитал | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на обични акции | Износ | Резерви | Акумулирана добивка | Вкупно главнина |
| **Состојба на 1 јануари 2020** | **2,792** | **103,498** | **35,648** | **23,586** | **162,732** |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | 13,379 | **13,379** |
| Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | **-** |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба)** | **-** | **-** | **-** | **13,379** | **13,379** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | |
| Уплата на акции | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за резерви | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за дивиденди | - | - | - | (8,376) | **(8,376)** |
| **Состојба на 31 декември 2020** | **2,792** | **103,498** | **35,648** | **28,589** | **167,735** |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | 22,106 | **22,106** |
| Ревалоризација на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | **-** |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба)** | **-** | **-** | **-** | **22,106** | **22,106** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | |
| Уплата на акции | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за резерви | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за дивиденди | - | - | - | (8,376) | **(8,376)** |
| **Состојба на 31 декември 2021** | **2,792** | **103,498** | **35,648** | **42,319** | **181,465** |

## 1. Основни податоци и дејност

Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје ( „Берзата”) е основано како акционерско друштво со седиште на ул.Орце Николов бр.75 Скопје. Берзата е впишана во трговскиот регистар во 1995 година. Основна дејност на Берзата е управување со финансиски пазар, со шифра на дејност бр.67.11.

Берзата ги извршува своите активности во согласност со одредбите од Законот за хартии од вредност и Законот за тгровски друштва, со дозвола бр.00-49/1 од 25 август 1995 година издадена од Комисија за хартии од вредност како беза на хартии од вредност. Комисијата за хартии од вредност врши надзор и контрола на работата на Берзата и нејзините членки во дејноста поврзани со хартии од вредност.

Основните принципи на работењето на Берзата се почитување на законските и подзаконските акти од областа на хартиите од вредност како и обезбедување на фер, ефикасно и транспарентно функционирање на пазарот на хартии од вредност.
Основни активности на Берзата се следниве:

- организирање и тргување со хартии од вресност;
- објавување на информации за работењето на Берзата;
- организирање и одржување на информационите системи за тргување со хартии од вредност;
- котирање на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата;
- овозможува утврдување и известување за склучените трансакции со хартии од вредност;
- заштита на интересите на инвеститорите во хартии од вредност.

Овластени учесници на Берзата кои може да тргуваат со хартии од вредност се брокерските куќи и банките. Секоја членка мора да има лиценца за тргување со хартии од вредност издадена од Комисија за хартии од вредност. На 31 декември 2021 вкупниот број на овластени членки на Берзата изнесува 10 (2020: 10), од кои 5 се брокерски куќи ( 2020: 5) и 5 се банките ( 2020:5).

Вкупниот број на вработени во Берзата на ден 31 декември 2021 година изнесува 14 вработени (2020: 13 вработени).

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи

### 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 34, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

### 2.1. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за вложувањата кои се чуваат за тргување кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност.

### 2.2. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Берзата применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои не можат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промента влијае и на двете.

### 2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека Берзата ќе продолжи да работи во догледна иднина. Берзата нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

Глобалната пандемија предизвикана од новиот корона вирус (COVID 19) која беше прогласена од страна на СЗО во март 2020 година, имаше ефект и врз економската состојба во земјата и во тековната година. Со оглед на фактот дека во 2021 година Берзата бележи пораст на добивката за 65% во однос на предходната година и пораст на вкупните средства за 9%, како и позитивни ликвидносни показатели, раководството смета дека не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Берзата.

## 3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политки се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

### 3.1. Приходи од продажба

*Приходи од обезбедување на услуги*

Приходите од провизии и надомести претставуваат провизии и надомести кои произлегуваат од основната дејност на Берзата.

Приходите од извршени услуги (провизии и надомести) се признаваат во билансот на успех во периодот кога услугата е извршена, односно:

- Провизијата за тргување се признава кога трансакцијата е извршена;
- Надоместоците по сите основи се признаваат за периодот на кој тие се однесуваат.

*Приходи од финансирање*

Приходите од камати кои се пресметани до датата на извештајот за финансиска состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од камати и курсни разлики.

Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат, со примена на ефективна каматна стапка на износот на финансиското средство. Ефективната каматна стапка служи за дисконтирање на проценетите идни парични приливи и споредба со нивната сметководствена вредност.

*Приходи од закупнини*

Приходите од закупнина се признаваат на праволиниска основа во согласност со условите за оперативен наем.

### 3.2. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на извештајот за финансиска состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики.

Расходите за камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат истите, независно дали се платени или не.

### 3.3. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на извештајот за финансиска состојба.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.3. Курсни разлики (продолжува)

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2021 и 2020, се следните:

| | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| 1 ЕУР = | 61.6270 МКД | 61.6940 МКД |
| 1 УСД = | 54.3736 МКД | 50.2353 МКД |

### 3.4. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Берзата.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци), помалку искажани приходи со поврзани лица (2020: исто). Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на извештајот за финансиската состојба по стапка од 10% (2020: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на извештајот за финансиската состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејство на датумот на извештајот за финансиската состојба. Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 14.

### 3.5. Заработувачка по акција

Берзата ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

### 3.6. Парични средства

Паричните средства се водат во извештајот за финансиска состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, денарски депозити по видување и орочени депозити со рок на достасување до три месеци.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.7. Финансиски средства

Берзата ги класифицира финансиските средства во следниве категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања, вложувања кои се чуваат до доспевање и финансиски средства расположливи за продажба. Раководството на Берзата ја одредува класификацијата на финансиските средства при нивното почетно признавање.

*Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби*
Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување добивка.

Со состојба на 31 декември 2021 година, Берзата поседува удели во инвестициски фондови со објективна вредност од 35,266 илјади МКД (2020: 25,268 илјади МКД).

*Кредити и побарувања*
Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се јавуваат кога Берзата одобрува пари или услуги директно на коминтенти без намера за размена на побарувањето. Кредитите и побарувањата на Берзата на датумот на известување се состојат од побарувања од купувачи во земјата и странство, депозити, останати побарувања како и парични средства и еквиваленти.

*Вложувања кои се чуваат до доспевање*
Вложувањата кои се чуваат до доспевање се не-деривативни вложувања со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои, Раководството на Берзата има позитивна намера и способност да ги чува до нивното доспевање. Доколку Берзата продаде значаен износ на вложувања кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на овие средства се рекласифицира во финансиските средства расположливи за продажба.

Со состојба на 31 декември 2021 година, Берзата поседува државни обврзници со вредност од 31,240 илјади МКД (2020: 25,267 илјади МКД).

*Финансиски средства расположливи за продажба*
Финансиски средства расположливи за продажба се оние наменети за чување на неодреден временски период, кои може да се продадат доколку се појави потреба за ликвидност или промени во каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите.

Берзата нема средства класифицирани во оваа категорија на денот на известување.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.7. Финансиски средства (продолжува)**

*Почетно признавање на финансиските средства*
Финансиските средства се признаваат на датумот на порамнување - датум кога Берзата се обврзува да го купи или продаде средството.

Сите финансиски средства различни од средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите. Средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во добивките и загубите.

*Последователно мерење на финансиските средства*
Финансиски средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се мерат по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата и финансиските средства кои се чуваат до доспевање се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во добивките или загубите во периодот кога се појавуваат. Каматата, ако е остварена за време на располагањето со овие средства, се евидентира како приход од камата.

Добивките и загубите кои произлегуваат од промените во објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба се признаваат како останата сеопфатна добивка, се додека финансиското средство не се отуѓи или оштети, при што, кумулативните добивки или загуби претходно признаени како останата сеопфатна добивка се признаваат како тековни добивки или загуби.

Каматите на вложувањата во должнички хартии од вредност расположливи за продажба се пресметани со употреба на методата на ефективна камата и се признаени во тековните добивки или загуби како дел од останатите приходи. Дивидендите на вложувањата во инструменти на капиталот расположливи за продажба се признаени во тековните добивки или загуби како дел од останатите приходи и кога Берзата има воспоставено право на прилив од дивиденди.

Објективните вредности на котираните вложувања на активни берзи се базираат на тековните цени на котација. Доколку пазарот за некое финансиско средство не е активен (и за некотирани хартии од вредност), Берзата утврдува објективна вредност по пат на употреба на техники на проценка. Техниките за вреднување вклучуваат употреба на нормални, комерцијални трансакции помеѓу запознаени, подготвени страни, ако се достапни, референца на тековната објективна вредност на друг инструмент кој е во суштина ист, анализа на дисконтирани парични текови и алтернативни модели на одредување на цената.

Доколку вредноста на сопственичките инструменти не може соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.7. Финансиски средства (продолжува)**

*Депризнавање на финансиските средства*
Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Берзата ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

**3.8. Оштетување на финансиски средства**

*Средства признаени по амортизирана набавна вредност*
На секој датум на известување, Берзата проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата („случај на загуба“) и дека тој случај на загуба (или случаи) влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот) дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат.

Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки и загуби.

*Средства евидентирани по објективна вредност*
На секој датум на известување, Берзата проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од оштетување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во тековните добивки и загуби.
Доколку, во последователен период, објективната вредност на должнички инструмент класифициран како расположлив за продажба се зголеми, а зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се јавува по признавањето на загубата поради оштетување во тековните добивки или загуби, загубата поради оштетување се намалува преку тековните добивки или загуби.
Кај сопственичките финансиски средства расположливи за продажба, анулирањето на оштетувањето не се евидентира преку добивки и загуби и секое последователното зголемување на објективната вредност се признава како останата сеопфатна добивка.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

*(1) Општа објава*

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Последователно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и било какво оштетување на вредноста.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

*(2) Амортизација*

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2021 година во однос на 2020 година се следните:

| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|---|---|
| Недвижности | 2,5 % | 2,5 % | 40 години | 40 години |
| Компјутери | 25 % | 25 % | 4 години | 4 години |
| Моторни возила | 25 % | 25 % | 4 години | 4 години |
| Мебел и канцелариска опрема | 10% до 25% | 10% до 25% | 4 до 10 години | 4 до 10 години |

### 3.10. Нематеријални средства

Едно средство се признава за нематеријално кога е сигурно дека субјектот го поседува истото, може да го идентификува и кое нема физичка содржина.

Почетното мерење на едно нематеријално средство е според набавната вредност што ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, а тоа се износот на исплатени парични средства или еквиваленти на парични средства во моментот на негово стекнување.

Амортизацијата на нематеријалните средства претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба средството. Стапката на амортизација во 2021 година изнесува 20% годишно (2020: 20% годишно).

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.11. Оштетување на нефинансиски средства**

Средствата подложни на депрецијација и амортизација се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата.

**3.12. Финансиски обврски**

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман.
Финансиските обврски по амортизирана набавна вредност се состојат од обврски кон добавувачи и останати обврски.

*Обврски кон добавувачи*
Обврските спрема добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Обврските спрема добавувачи се депризнаваат во моментот кога се измирени, откажани или истечени.

*Останати обврски*
Останатите обврски се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Останатите обврски се депризнаваат во моментот кога се измирени, откажани или истечени.

**3.13. Капитал**

*(1) Основна главнина*

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции. Дополнителните трошоци, доколку има, кои се поврзани со емисијата на акции, се признаваат како одбитна ставка на капиталот.

*(2) Законски резерви*

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Берзата е должна да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Берзата. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Берзата, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.14. Наеми**

Наемите со кои се пренесуваат на Берзата сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска, сегашната вредност на минималните плаќања за наемот.
Наемите каде што значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од наемодавателот, се класифицираат како оперативни наеми. Плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во билансот на успех на рамномерна основа за времетраењето на наемот во евиденцијата на наемателите. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во извештајот за финансиската состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности.

**3.15. Донации**

Донациите се евидентираат како приход систематски и рационално во текот на употребливиот век на средствата. Добиените донации се третираат како разграничен приход во придружните финансиски извештаи. Приходите од донациите се признаваат во тековните добивки и загуби во висина на амортизацијата за годината како останати деловни приходи.

**3.16. Данок на додадена вредност**

Приходите од тргувањата како и другите приходи кои Берзата ги остварува во текот на редовното работење се ослободени од ДДВ. Влезниот ДДВ при набавка на средства или услуги не може да се поврати од даночните власти и се признава како дел од набавната вредност на средствата или како трошок, доколку е применливо.
Приходите од наемнини и другите приходи кои не се дел од редовните деловни активности на Берзата се признаваат намалени за износот на ДДВ. Нето износот на поврат/обврска за ДДВ спрема даночните власти се вклучува како други побарувања/обврски на датумот на известување.

**3.17. Користи на вработените**

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Берзата во размена за извршената услуга од страна на вработените.

*(1) Краткорочни користи за вработените*
Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

*(2) Користи по престанок на вработувањето*
Берзата врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниоте фондови.

### 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.17. Користи на вработените (продолжува)

Берзата нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Берзата е обврзана да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање.

### 3.18. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Берзата има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

### 3.19. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Берзата. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиските извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Берзата. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

### 3.20 Управување со капиталот

Основна цел на Берзата во поглед на политиката за управување со капиталот е да соодветствува со барањата на Законот за хартии од вредност и Комисијата за хартии од вредност во поглед на одржување на капиталот.

Имено, согласно член 75 од Законот за хартии од вредност и неговите подзаконски акти, Берзата е должна во секое време да поседува и одржува основна главнина во износ од намјлаку 500,000 ЕУР пресметана по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија започнувајќи од датумот на стекнување на дозволата за работа. Износот на основната главнина е еднаков на номиналниот износ на сите влогови на акционерите, односно на номиналниот износ на сите акции издадени од Берзата. На 31 декември 2021 година, основната главнина изнесува 1,695,029 ЕУР.

## 4. Финансиски ризици и управување со истите

Берзата влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Берзата е изложена и политиките за управување со нив се следните:

### 4.1. Пазарен ризик

*Ризик од промени на курсевите*

Берзата не влегува во значајни трансакции во странска валута, при што истата не е изложена на ризик од промени на курсевите на странските валути, со исклучок на девизните депозити во банки.

*Ризик од промени на цените*

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретни вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Примарната изложеност на цената на капиталот произлегува од вложувања во хартии од вредност. Берзата е изложена на ризик од промени на цените на вложувањата наменети за тргување и истиот е надвор од контрола на Берзата. Берзата располага со вложувања во удели на отворени инвестициски фондови.

### 4.2. Кредитен ризик

Берзата е изложена на кредитен ризик во случај кога нејзините купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Берзата нема значајна концентрација на кредитен ризик, со оглед дека клиенти се сите брокерски друштва и акционерски друштва во Република Северна Македонија. Политика на Берзата со цел да се намали кредитниот ризик е целосна наплата на побарувањата при самата продажба на услугите, додека за побарувањата кои не може да се наплатат се врши нивна редовна исправка на вредноста со цел истите да се доведат до нивната објективна надоместлива вредност. Побарувањата на Берзата не се обезбедени со било какви инструменти за обезбедување.

### 4.3. Каматен ризик

Берзата е изложена на ризик од промени на каматни стапки, кои се однесуваат на користените кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки. Овој вид на ризик зависи од движењата на финансиските пазари и Берзата нема начин да го намали. На датумот на извештајот за финансиска состојба, Берзата нема обврски по основ на позајмици и кредити, па според тоа и нема изложеност на ваков ризик.

### 4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Берзата нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Берзата нема вакви проблеми во своето работење.

**4. Финансиски ризици и управување со истите (Продолжение)**

**4.5. Даночен ризик**

Согласно законските прописи во РСМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Берзата подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2021 година, како и на персоналниот данок на доход и придонесите на личните примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност.

**5. Утврдување на објективна вредност**

Берзата располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувања од купувачи, вложувањата чувани за тргување, вложувања кои се чуваат до доспевање, обврските кон добавувачи, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Прифатената сметководствена рамка бара финансиските средства и обврски да се групираат во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Со состојба на 31 декември 2021 година Берзата поседува удели во инвестициски фонд во износ од 35,266 илјади МКД (2020: 25,268 илјади МКД). Евидентирани се по нивната објективна вредност врз основа на достапни податоци за набљудување на вредноста на средствата на датумот на известување и класифицирани во ниво 2 во согласност со хиерархијата на објективната вредност.

## 6. Финансиски инструменти

### 6.1. Ризик на финансирање

Берзата врши финансирање на своето работење исклучиво со сопствени средства поради што не користи краткорочни или долгорочни кредити од банки и други друштва. Берзата континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември 2021 и 2020 година е следната:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Обврски по кредити | - | - |
| Пари и парични еквиваленти | (5,667) | (2,088) |
| **Нето обврски (пари)** | **(5,667)** | **(2,088)** |
| **Вкупен капитал** | **181,465** | **167,735** |
| **% на задолженост** | **0,00%** | **0,00%** |

### 6.2. Ризик од странски валути

Берзата не влегува во значајни трансакции во странска валута, поради што истата не е изложена на секојдневни промени на курсевите на странските валути, со исклучок на паричните средства на девизните сметки во банки и побарувањата и обврските од странските комитенти.

Состојбата со девизните износи средствата и обврските деноминирани во денари на 31 декември 2021 и 2021 година по валути е следната:

| | **Средства** | | **Обврски** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| ЕУР | 2,196 | 1,635 | 185 | 62 |
| други | - | - | - | - |
| | **2,196** | **1,635** | **185** | **62** |

Берзата исклучиво е изложена на ЕУР.

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | **Зголемувања за 10%** | | **Намалувања за 10%** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| ЕУР | 201 | 157 | (201) | (157) |
| други | - | - | - | - |
| **Нето ефект** | **201** | **157** | **(201)** | **(157)** |

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.3. Ризик од промени на каматите

Берзата се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

| | 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2021** | **2020** |
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| Парични средства | 8 | 6 |
| Побарувања од купувачи | 7,695 | 7,443 |
| Останати побарувања | - | 220 |
| Вложувања кои се чуваат за тргување | 35,266 | 25,268 |
| | **42,969** | **33,878** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | |
| Парични средства | 5,659 | 2,082 |
| Депозити во банки | 50,000 | 55,500 |
| | **55,659** | **57,582** |
| *Каматоносни со фиксна камата:* | | |
| Вложувања во државни обврзници | 31,240 | 25,257 |
| | **31,240** | **25,257** |
| **Вкупно финансиски средства** | **129,868** | **116,717** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| Обврски спрема добавувачи | 1,984 | 1,305 |
| Останати тековни обврски | 2,770 | 2,385 |
| | **4,754** | **3,690** |
| **Вкупно финансиски обврски** | **4,754** | **3,690** |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на каматните стапки на користените кредити и дадени депозити. Анализата е направена на салдата на кредити и депозити на датумот на извештајот за финансиска состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | Зголемувања за 10% | | Намалувања за 10% | |
|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| Депозити | 52 | 114 | (52) | (114) |
| Кредити | - | - | - | - |
| **Нето ефект** | **52** | **114** | **(52)** | **(114)** |

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.4. Кредитен ризик

Кредитниот ризик се јавува во случај кога купувачите на Берзата нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Побарувањата од купувачи се состојат од голем број на поединечни салда. Овие побарувања не се обезбедени со било какво обезбедување во форма на меници, гаранции или друг вид на колатерал.

Структурата на побарувањата од купувачи според нивната доспеаност на 31 декември 2021 е како што следува:

**Во (000) денари**

| | **Бруто износ** | **Исправка на вредност** | **Нето износ** |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | 6,235 | - | 6,235 |
| Доспеани побарувања | | | |
| - до 1 година | 1,672 | (421) | 1,251 |
| - од 1 до 3 години | 1,494 | (1,284) | 210 |
| - над 3 години | 3,391 | (3,391) | - |
| | **12,791** | **(5,096)** | **7,695** |

Структурата на побарувањата од купувачи според нивната доспеаност на 31 декември 2020 е како што следува:

**Во (000) денари**

| | **Бруто износ** | **Исправка на вредност** | **Нето износ** |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | 5,843 | - | 5,843 |
| Доспеани побарувања | | | |
| - до 1 година | 1,629 | (361) | 1,268 |
| - од 1 до 3 години | 822 | (490) | 332 |
| - над 3 години | 3,740 | (3,740) | - |
| | **12,034** | **(4,591)** | **7,443** |

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.5. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Берзата со состојба на 31 декември 2021 година според нивната доспеаност:

| | До 1 месец | 1 - 3 месеци | 3-12 месеци | Над 12 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 5,667 | - | - | - | 5,667 |
| Депозити во банки | - | - | 10,000 | 40,000 | 50,000 |
| Побарувања од купувачи | 7,695 | - | - | - | 7,695 |
| Вложувања | - | - | 35,266 | 31,240 | 66,506 |
| | **13,362** | **-** | **45,266** | **71,240** | **129,868** |
| Обврски спрема добавувачи | 1,984 | - | - | - | 1,984 |
| Останати обврски | 2,770 | - | - | - | 2,770 |
| | **4,754** | - | - | - | **4,754** |

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Берзата со состојба на 31 декември 2020 година според нивната доспеаност:

| | До 1 месец | 1 - 3 месеци | 3-12 месеци | Над 12 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 2,088 | - | - | - | 2,088 |
| Депозити во банки | - | - | 55,000 | 500 | 55,500 |
| Побарувања од купувачи | 7,443 | - | - | - | 7,443 |
| Останати побарувања | 220 | - | - | - | 220 |
| Вложувања | 25,268 | - | - | - | 25,268 |
| | **35,019** | **-** | **55,000** | **500** | **90,519** |
| Обврски спрема добавувачи | - | 1,305 | - | - | 1,305 |
| Останати обврски | - | 3,076 | - | - | 3,076 |
| | **-** | 4,380 | - | - | **4,380** |

## 7. Сегментно известување

Со оглед на својата големина и активности, Берзата не е обврзана да врши известување според сегменти, ниту како деловни (бизнис) сегменти, ниту како географски сегменти.

## 8. ПРИХОДИ ОД ПРОВИЗИИ И НАДОМЕСТИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од надомест за тргување | 43,083 | 29,344 |
| Приходи од надомест за котирање | 8,410 | 8,870 |
| Приходи од дистрибуција на берзански податоци | 3,455 | 3,328 |
| Приходи од членство | 2,668 | 2,806 |
| Објави на веб страна на Берзата согласно закон | 1,115 | 1,093 |
| **Вкупно приходи од провизии и надомести** | **58,731** | **45,441** |

Приходите од провизии и надомести произлегуваат од надоместоци утврдени со Тарифникот на Берзата кој е одобрен од страна на Комисијата за хартии од вредност.

## 9. ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА И КАМАТИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 1,624 | 1,839 |
| Приходи од усогласување на објективната вредност на вложувањата кои се чуваат за тргување | 398 | 431 |
| **Вкупно приходи од вложувања и камати** | **2,022** | **2,270** |

## 10. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 70 | 65 |
| Приходи од наемнини | 1,249 | 1,241 |
| Приходи од донации | 476 | 278 |
| Приходи од продадени основни средства | 1,016 | - |
| Приходи од превентивно и инвестициско одржување на софтверски систем | 2,033 | 2,273 |
| Останати приходи | 269 | 66 |
| **Вкупно останати оперативни приходи** | **5,113** | **3,923** |

Приходите од донации произлегуваат од потпишан Меморандум за соработка меѓу CEED Macedonia и Берзата на 1 февруари 2019 година. Имено, врз основа на овој Меморандум, во текот на 2019 година, Берзата започна со користење на финансиски средства за промовирање на Фундербеам платформата и спроведување на кампањи преку грант обезбеден од Проектот УСАИД Македонија за развој на деловниот екосистем.

## 11. РАСХОДИ ОД ПРОВИЗИИ И НАДОМЕСТИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Провизија за Комисија за хартии од вредност | 10,572 | 8,179 |
| Банкарски провизии | 88 | 81 |
| **Вкупно расходи од провизии и надомести** | **10,660** | **8,260** |

Провизијата за Комисија за хартии од вредност во износ од 10,572 илјади МКД (2020: 8,179 илјади МКД) претставува надоместок за вршење на надзор над работата на Берзата во висина од 18% од приходите на Берзата согласно тарифник, што се остварени во тековната година.

## 12. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Нето плати и придонеси од плата на вработени | 9,722 | 9,565 |
| Даноци и придонеси | 5,076 | 4,829 |
| Останати трошоци за вработените | 173 | 188 |
| Надоместоци на трошоци за вработените и награди | 2,187 | 1,546 |
| **Вкупно трошоци за вработени** | **17,158** | **16,128** |

## 13. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 111 | 23 |
| Потрошена енергија | 766 | 720 |
| ПТТ и интернет услуги | 581 | 585 |
| Услуги за одржување и заштита | 1,773 | 1,864 |
| Надомест на трошоци за членови на органи на управување | 1,946 | 1,979 |
| Комунални трошоци | 83 | 85 |
| Трошоци за ситен инвентар | 35 | 14 |
| Реклама, репрезентација и спонзорства | 716 | 385 |
| Трошоци за донации | - | 500 |
| Трошоци за сметководство и ревизија | 572 | 277 |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 103 | 111 |
| Осигурување | 416 | 301 |
| Останати услуги | 496 | 417 |
| Дневници за службени патување | 37 | 3 |
| Консултантски услуги | 949 | 421 |
| Загуби поради оштетување и ненаплатливост | 1,075 | 861 |
| Други трошоци | 813 | 641 |
| **Вкупно останати оперативни расходи** | **10,472** | **9,187** |

## 14. ДАНОК ОД ДОБИВКА

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **24,763** | **15,131** |
| Ослободување на добивката (загубата) | - | - |
| Непризнаени расходи | 1,807 | 2,389 |
| **Даночна основа** | **26,570** | **17,520** |
| Други намалувања | - | - |
| Дивиденди, оданочени кај исплатувачот | - | - |
| **Даночна основа по намалување** | **26,570** | **17,520** |
| **Пресметан данок од добивка од 10% (2020: 10%)** | **2,657** | **1,752** |
| Други ослободувања | - | - |
| **Данок од добивка** | **2,657** | **1,752** |
| **Добивка пред оданочување** | **24,763** | **15,131** |
| **Ефективна даночна стапка** | **10.73%** | **11.58%** |

## 15. ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

Основната заработувачка по акција е пресметана така што нето добивката за годината која им припаѓа на обичните акционери се дели со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Нето добивка (загуба) расположива на акционерите | 22,106 | 13,379 |
| Дивиденда на приоритетни акции | - | - |
| **Корегирана нето добивка (загуба)** | **22,106** | **13,379** |

| | број на акции<br>2021 | <br>2020 |
|---|---|---|
| *Пондериран просечен број на обичните акции* | | |
| **Издадени обични акции на 1 јануари** | **2,792** | **2,792** |
| Конвертирани приоритетни акции во обични акции | - | - |
| **Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декем** | **2,792** | **2,792** |
| **Основна заработувачка (загуба) по акција (во МКД)** | **7,918** | **4,792** |

## 16. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Денарски сметки во комерцијални банки | 5,462 | 2,059 |
| Парични средства на картички | 197 | 23 |
| Благајна во денари | 8 | 6 |
| Благајна во девизи | - | - |
| Девизни сметки | - | - |
| **Вкупно парични средства** | **5,667** | **2,088** |

## 17. ДЕПОЗИТИ ВО БАНКИ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Орочени депозити во банки | 50,000 | 55,500 |
| **Вкупно депозити во банки** | **50,000** | **55,500** |
| Намалено за тековна доспеаност на депозити | (10,000) | (55,500) |
| **Вкупно долгорочни депозити во банки** | **40,000** | **-** |

Тековната доспеаност на долгорочните депозити е како што следува:

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| До 1 година | 10,000 | 55,500 |
| Од 1 до 5 години | 40,000 | - |
| Повеќе од 5 години | - | - |
| | **50,000** | **55,500** |

Депозитите во банки се орочени на период од 12 до 36 месеци со годишна каматна стапка од 1.0% до 2.1% годишно (2020: орочени на период до 12 месеци со камата од 0.5% до 2.7% годишно).

## 18. ВЛОЖУВАЊА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ТРГУВАЊЕ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Удели во инвестициски фондови | 35,266 | 25,268 |
| **Вкупно** | **35,266** | **25,268** |

Со состојба на 31 декември 2021 година Друштвото има вложувања во удели издадени од КБ Публикум Паричен фонд и од Генерали Инвестмент Кеш Депозит. Овие вложувања се усогласени според нивната објективна вредност на датумот на известување и разликата до објективната вредност во вкупен износ од 398 илјади МКД (2020: 431 илјади МКД) е прикажана како приход во тековната година.

## 19. ВЛОЖУВАЊА КОИ СЕ ЧУВААТ ДО ДОСПЕВАЊЕ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Вложувања во државни обврзници издадени од Министерство за финансии | 31,240 | 25,257 |
| **Вкупно вложувања до доспевање** | **31,240** | **25,257** |

Заклучно со 31 декември 2021 година, Берзата располага со долгорочни државни обврзници издадени од Министерство за финансии на Република Северна Македонија, и тоа 15 годишна државна обврзница со девизна клаузула со номинална вредност од 25,000 илјади МКД, со рок на доспевање 28.02.2034 година и каматна стапка од 3.2%, како и стекната 7 годишна државна обврзница во 2021 година, со номинална вредност од 6,000 илјади МКД, датум на доспевање на 01.04.2028 година и со каматна стапка од 1.625%

## 20. ВЛОЖУВАЊА ВО ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ДРУШТВА

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| СЕЕ Линк ДОО Скопје | 1,190 | 941 |
| **Вкупно заеднички вложувања** | **1,190** | **941** |
| *Движење во текот на годината:* | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **941** | **949** |
| Зголемувања на вложувања | - | - |
| Удел во добивка/(загуба) на заедничко вложување | 249 | (7) |
| **Состојба на 31 декември** | **1,190** | **941** |

Друштвото има склучено договор со Бугарска Берза - Софија АД и Загребска Берза АД за основање на Друштво со ограничена одговорност СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје со седиште во Скопје. Вложувањето на Берзата во заедничкото контролирано друштво на 31 декември 2021 година изнесува 1,643 илјади МКД (26,666.66 ЕУР) што преставува еднакво учество (33.33%) со останатите берзи во вкупниот влог на Друштвото од 80,000 ЕУР.

Заклучно со 31 декември 2021 година, Друштвото СЕЕ Линк ДОО Скопје во финансиските извештаи на Берзата е признато како заеднички контролирано вложување по методот на главнина.

## 20. ВЛОЖУВАЊА ВО ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ДРУШТВА (продолжува)

Финансиските извештаи на СЕЕ Линк ДОО Скопје со состојба 31 декември 2021 и 2020 година се како што следува:

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| ***Извештај за финансиска состојба:*** | | |
| Вкупно средства | 5,722 | 4,986 |
| Вкупно обврски | 2,153 | 2,164 |
| **Нето средства** | **3,569** | **2,822** |
| | | |
| ***Извештај за сеопфатна добивка:*** | | |
| Приходи | 4,719 | 6,169 |
| Расходи | 3,972 | 6,191 |
| **Добивка / (загуба) пред оданочување** | **747** | **(22)** |
| Данок на добивка | - | - |
| **Нето добивка / (загуба) за периодот** | **747** | **(22)** |

Пресметката согласно методот на главнина е како што следи:

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Нето средства | 3,569 | 2,822 |
| Учество од 33.33% | 1,190 | 941 |
| | | |
| Нето добивка / (загуба) за периодот | 747 | (22) |
| Учество од 33.33% | 249 | (7) |

## 21. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 5,696 | 5,831 |
| Купувачи во странство | 1,999 | 1,612 |
| Спорни и сомнителни побарувања | 5,096 | 4,591 |
| **Вкупно бруто побарувања од купувачи** | **12,791** | **12,034** |
| Исправка на вредноста на побарувања | (5,096) | (4,591) |
| **Вкупно нето побарувања од купувачи** | **7,695** | **7,443** |
| **Промени во исправката на вредност на побарувања:** | | |
| **Состојба на 01 јануари** | **4,591** | **4,295** |
| Загуби поради оштетување и ненаплатливост (белешка 13) | 1,075 | 861 |
| Отпис на оштетени побарувања | (500) | (500) |
| Наплата на отпишани побарувања | (70) | (65) |
| **Состојба на 31 декември** | **5,096** | **4,591** |

## 22. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА И АВР

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Побарувања за камати | 815 | 124 |
| Пресметани недостасани камати од банки и други финансиски организации | - | 671 |
| Останати платени трошоци за идните периоди | 316 | 758 |
| Превземени средства од стечаи | 97 | 97 |
| Останати побарувања | 2 | - |
| **Вкупно останати тековни средства и АВР** | **1,230** | **1,650** |

## 23. НЕДВИЖНОСТИ, ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Движењата во текот на 2021 година се следните:

| | Градежни објекти (000) МКД | Опрема (000) МКД | Нематериј. средства (000) МКД | Инвестиции во тек за немат. средства (000) МКД | ВКУПНО (000) МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **77,382** | **21,234** | **11,780** | **-** | **110,396** |
| Директни зголемувања | - | 2,825 | 200 | 1,524 | 4,549 |
| Пренос од инвестиции | - | 896 | - | (896) | - |
| Продажба | - | (5,629) | - | - | (5,629) |
| **Состојба на 31 декември** | **77,382** | **19,326** | **11,980** | **628** | **109,316** |
| **Акумулирана амортизација** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **25,417** | **19,828** | **11,150** | **-** | **56,395** |
| Амортизација за тековна година | 1,935 | 913 | 212 | - | 3,060 |
| Пренос на останати средства | - | - | - | | - |
| Продажба | - | (5,629) | - | | (5,629) |
| **Состојба на 31 декември** | **27,352** | **15,112** | **11,362** | **-** | **53,826** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА** | | | | | |
| **31 декември 2021** | **50,030** | **4,214** | **618** | **628** | **55,490** |
| **31 декември 2020** | **51,965** | **1,406** | **630** | **-** | **54,001** |

Градежните објекти се користат за извршување на активностите на Берзата. Берзата нема воспоставено залог над своите недвижности, постројки и опрема.

Нематеријалните средства во целост се состојат од компјутерски софтвер кој се користи за извршување на активностите на Берзата.

Берзата изнајмува под оперативен наем дел од својот деловен објект. Ова средство не е евидентирано како вложување во недвижност од причина што Берзата смета дека изнајмените простории не може да бидат предмет на одделна продажба доколку не се направи реконструкција на објектот и други прилагодувања на документацијата. Согласно проценка од страна на овластен проценител, објективната вредност на делот од објектот кој се издава под оперативен наем како посебен објект, изнесува 29,000 илјади МКД.

## 24. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 1,799 | 1,243 |
| Добавувачи во странство | 185 | 62 |
| **Вкупно обврски спрема добавувачи** | **1,984** | **1,305** |

## 25. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ И ПВР

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Обврски за данок од добивка | 1,024 | 283 |
| Обврски за данок на додадена вредност | 374 | 321 |
| Обврски за персонален данок на доход | 111 | 86 |
| Одложено признавање на приходи | 50 | 33 |
| Обврски за награди | 2,516 | 2,166 |
| Останати обврски | 254 | 219 |
| **Вкупно останати тековни обврски и ПВР** | **4,329** | **3,108** |

Согласно одлука на Собрание на акционери, менаџерски договор и Одлука за награда на вработените од Одборот на директори на Берзата, предвидена е награда за 2021 година за неизвршните членови на Одборот на директори и за вработените на Берзата во висина од 2,516 илјади МКД, која ќе биде исплатена во 2022 година.

## 26. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

Акционерскиот капитал на Друштвото изнесува 103,498 илјади МКД и е поделен на 2,792 обични акции, со номинална вредност од 601,7 ЕУР за една акција.

Следните акционери имаат сопственост повеќе од 5% од издадените акции со право на глас:

| | 2021 % | 2020 % |
|---|---|---|
| Шпаркасе банка АД Скопје | 19.52% | 15.97% |
| Комерцијална банка АД Скопје | 9.99% | 9.99% |
| ТТК банка АД Скопје | 9.99% | 9.99% |
| Стопанска банка АД Скопје | 9.92% | 9.92% |
| Еуростандард банка АД Скопје- стечај | 0.00% | 9.89% |
| Загребска Берза Загреб | 7.06% | 5.30% |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 6.09% | 6.09% |
| КБ Публикум Инвест | 5.48% | 5.48% |
| Централна Кооперативна Банка АД Софија | 5.30% | 5.30% |
| УНИ Банка АД Скопје | 5.30% | 5.30% |
| Охридска Банка АД Скопје | 0.00% | 5.30% |
| Останати акционери со учество помало од 5% | 21.35% | 11.46% |

Обичните акции се одобрени, издадени и целосно уплатени. Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога истата ќе биде објавена и право на глас во Собранието на Друштвото.

Стекнувањето на акции чиј вкупен кумулативен износ надминува 10%, 20%, 30% и 50% од вкупно издадените акции со право на глас на Берзата подлежи на посебен режим согласно Законот за хартии од вредност.

## 27. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Со состојба 31 декември 2021 година, не се евидентирани судски спорови против Берзата, и врз основа на тоа не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Берзата редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на судски спорови и евентуални побарувања против Берзата кои би можеле да се појават во иднина.

Не постојат потенцијални обврски по основ на дадени гаранции за други друштва или хипотеки на имотот.

## 29.ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ И НАДОМЕСТИ НА РАКОВОДСТВОТО

Ниту еден од акционерите на Друштвото нема статус на поврзан субјект, бидејќи ниту еден од нив нема значајно влијание врз активностите на Друштвото.

Со состојба 31 декември 2021 година, Берзата има учество во заедничко вложување во СЕЕ Линк ДОО Скопје во висина од 1,190 илјади МКД (2020: 941 илјади МКД).

Надоместите на клучното раководство се како што следи:

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Бруто плати и награди - Избршен директор | 4,519 | 4,195 |
| Бруто плати и награди - Неизвршни членови | 1,946 | 1,979 |

## 30. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Нема значајни настани кои се случиле по датумот на известување, а кои треба да бидат обелоденети во овие финансиски извештаи.

Глобалната пандемија предизвикана од новиот коронавирус (ЦОВИД 19), која беше прогласена од стана  на СЗО во март 2020 година, продолжи и во тековната година. Мерките кои беа превземени од Владата за да го спречи ширењето на вирусот во голема мера влијаеа на економската активност во нашата држава.

Имајќи го предвид фактот дека Берзата оствари зголемување на добивката во тековната година во однос на претходната година, како и дека остварува стабилни ликвидносни показатели, раководството смета дека Covid 19 нема негативни ефекти врз финансиските извештаи за тековната година.

Одборот на директори, како орган на управување на Берзата, внимателно ги следи состојбите и случувањата поврзани со вирусот, и доколку е потребно ќе делува во правец на превземање активности и расположливи мерки со цел прилагодување на новонастанатите околности, а во насока на минимизирање на негативниот ефект доколку се појави.